# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМИКА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ЕКОНОМИКА НА ЈАВНИ СЛУЖБИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.2102-340/7 од 5.7.2017 година донесена на 173. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 5.7.2017 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање *насловен доцент* за наставно-научната област *економика на претпријатијата и економика на јавни служби* на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” од 24.6.2017 година и во предвидениот рок се пријави д-р Снежана Бардарова, технички секретар на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Снежана Бардарова** е родена на 24.5.1982 година во Штип. Основно образование завршувла во ООУ „Ванчо Прќе” во Штип. Средно образование со одличен успех завршува во Гимназијата „Славчо Стоименски” (природно–математичка насока) во Штип.

Своето образование го продолжува на Правниот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, каде што дипломира во 2005 година. Во 2014 година дипломира и на Факултетот за економија и организација на претприемништвото, насока Менаџмент на организација на Меѓународниот славјански универзитет „Гаврило Романович Державин” во Свети Николе, каде што предвидените испити ги положува со просек 8,9 и успешно го одбранува дипломскиот труд „*Менаџмент на цените и пропагандата како елементи на маркетинг-миксот на претпријатието*” и се стекнува и со стручниот назив дипломиран економист, област менаџмент.

Со академскиот степен магистер на правни науки, област европско право и право на ЕУ се стекнува на Правниот факултет при Универзитетот ФОН во Скопје, каде што предвидените испити ги положува со просек 8,13 и на 7.7.2010 година го одбранува магистерскиот труд „*Влијанието на меѓународните организации врз меѓународното право*”.

Со научниот степен доктор на економски науки се стекнува на 7.12.2016 година на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, каде што со успех го одбранува докторскиот труд на тема „*Можности за унапредување на економичноста во работењето на претпријатијата во Република Македонија, со посебен осврт на претпријатијата од секторот хотели и ресторани*”.

***Работо искуство***

Кандидатката д-р Снежана Бардарова има работно искуство во стопанството и во образованието. Во периодот од 2002 до 2008 година работи во меѓународните шпедиции „Баримпекс“ и „Бак-шпед“ во Штип, каде што работи на царинење на секаков вид на стока и се занимава со деловното работење на претпријатието.

Кандидатката во периодот од 1.3.2010 до 30.6.2011 година е волонтер на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, каде што ги извршува административно-наставните обврски. Од 3.10.2011 година заснова работен

однос на работното место соработник - помлад асистент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, каде што е ангажирана на повеќе предмети од сите насоки на факултетот.

Од 1.10.2014 година работи како технички секретар на единиците при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип на Филмска академија и на Ликовна академија, каде што професионално и одговорно ги извршува сите административни и правно-технички задолженија.

Од приложената документација, кандидатката д-р Снежана Бардарова одлично го владее англискиот јазик за што достави Cambridge English Certificate (B1).

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

1. Доктор на економски науки;
2. Остварен просечен успех од 8,9 на прв и 8,13 на втор циклус;
3. Објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации;

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Josheski, Dushko and **Bardarova, Snezana** | Causal relationship between wages and prices in R. Macedonia: VECM analysis | International scientific journal HORIZONS (special edition), ECONOMICS Vol.12. pp. 127-147. ISSN 1857-856X | 2014 |
| 2 | **Bardarova,Snezana** and Jakovlev, Zlatko and Koteski, Cane | Investment of human capital in tourism and hospitality with a specific reference of R. Macedonia | Journal of Process Management – New Technologies International, vol.1 (4). pp. 74-81. ISSN 2334-7449 | 2013 |
| 3 | **Bardarova, Snezana** and Atanasoski, Drasko and Temelkov, Zoran and Filiposki, Oliver and Stojanovska, Aneta | Maastricht Treaty in the Shaping and Development of the Common Foreign and Security Policy (CFSP) | Journal of US-China Public Administration, Vol.11 (7). pp. 596-604. ISSN 1548-6591 | 2014 |
| 4 | Atanasoski, Drasko and **Bardarova, Snezana** | The New Logistics Trends in Support of Retail | Journal of Tourism and Hospitality Management, 1 (3). pp. 154-159. ISSN 2328-2169 | 2013 |
| 5. | Stojanovska-Stefanova, Aneta and Atanasoski, Drasko and Temelkov, Zoran.and **Bardarova, Snezana** and Filiposki, Oliver | The Reforms in the Institutional Structure of the European Union in Compliance With the Lisbon Treaty | Journal of US-China Public Administration, 11 (8). pp. 642-649. ISSN 1548-6591 | 2014 |

4. или два научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Koteski, Cane and Josheski, Dushko and Dimitrov, Nikola and Jakovlev, Zlatko and **Bardarova, Snezana** and Serafimova, Mimoza | Volatility and growth | Wulfenia Journal, 20 (12). pp. 1-12. ISSN 1561-882X (2013) | ISI Web of Science IF: 0.267 |
| 2 | Koteski, Cane and Josheski, Dushko and Dimitrov, Nikola and Jakovlev, Zlatko and **Bardarova, Snezana** and Serafimova, Mimoza | Democracy, demography and economic growth: Empirical investigation of association between those three | Wulfenia Journal, 21 (4). pp. 247-257. ISSN 1561-882X (2014) | ISI Web of Science IF: 0.267 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката д-р Снежана Бардарова од 1.3.2010 година до 30.6.2011 година волонтира на Факултетот за туризам и бизнис логистика во Гевгелија, на Катедрата за бизнис логистика и туризам при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Со Одлука бр.2602-224/3 од 3.10.2011 година е избрана во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област *туризам и угостителство*. Во период од октомври 2011 година до октомври 2014 година како соработник помлад асистент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип активно и професионално учествува во наставата преку реализирање на вежбите и во сите наставно-образовни и административни активности по предметите:

- Економика на претпријатија
- Трговско право
- Основи на економика
- Меѓународна трговија
- Менаџмент на мал и среден бизнис
- Производствен менаџмент
- Царинска тарифа и царинска управна постапка
- Осигурување од одговорност
- Мрежен систем на продажба
- Внатрешна трговија и логистика
- Претприемништво
- Основи на логистика
- Договор за меѓународен промет
- Организациско однесување
- Меѓународен транспорт и шпедиција
- Вовед во осигурување
- Проценка и надомест на штета
- Економика на туризмот
- Економија на угостителство
- Истражување на туристичкиот пазар
- Основи на туризмот
- Термален (бањски) туризам
- Сообраќај во туризмот
- Туристичка картографија и
- Истражување на туристичкиот пазар.

Кандидатката за време на нејзиното ангажирање на Факултетот за туризам и бизнис логистика од волонтер па сè до завршувањето на изборот во соработничко звање помлад асистент, успешно и навремено ги извршува работните активности и активно учествува во наставно-образовната дејност преку извршување на следниве работни

задачи: подготвување и одржување вежби по предметите од студиската програма Бизнис логистика и туризам, спроведување на испити – тестови и колоквиуми, прегледување и оценување на семинарски работи, давање информации и појаснувања на студените во врска со одржувањето на вежбите, колоквиумите, редовно внесување податоци за студентите во електронскиот индекс, партиципирање во подготвување на интерни скрипти за предавања на наставниците, изработка на презентации за вежбите и редовно одржување консултации со студентите, учествува во организирање и спроведување на пракса за студентите од насоката Бизнис логистика и бизнис администрација, вршење контрола на реализиранaта пракса на студентите, соработува со предметните професори и активно е вклучена во научноистражувачката дејност со објавување на научни трудови во релевантни списанија и учествува на научно-стручни конференции.

За потребите на наставата на Факултетот за туризам и бизнис логистика изработува презентации за реализирање на вежбите за предметите Трговско право, Економика на претпријатие, Основи на економија, Меѓународен транспорт и шпедиција, Царинска тарифа и царинска управна постапка, Основи на економија, Внатрешна трговија и логистика, Основи на логистика, Меѓународна трговија, Договор за меѓународен промет и Осигурување од одговорност.

Во 2011 година изработува (интерна) елекронска скрипта за предметот Царинска тарифа и царинска управна постапка. Во 2014 година издава рецензиран практикум „*Практикум за пополнување на единствен царински документ*" ISBN 978-608-4708-97-1. Во постапка за објавување се „*Прирачник за царинско работење"* и „*Царинска управна постапка"*.

***Научноистражувачка дејност***

Во периодот од 2011 до 2017 година, за кој се изготвува овој реферат, кандидатката д-р Снежана Бардарова публикува многу научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија, од кои два научни труда се објавени во научно списание со импакт фактор во последните пет години, а има и бројни трудови кои се објавени во зборници од научни и стручни конференции и конгреси во земјава и во странство, како и изработка на научни учебни помагала.

Трудовите на кои е направена научната евалуација уредно се прикачени на платформата на електронскиот академски репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

- **Нерецензирана скрипта**

Снежана Дагалева (2011) *Царинска тарифа и царинска управна постапка*.

- **Позитивно рецензиран практикум**

Atanasoski, Drasko and **Bardarova, Snezana** and Filiposki, Oliver (2014) Практикум за пополнување на единствен царински документ. ISBN 978-608-4708-97-1.

Во продолжение следува приказ и научна евалуација на научноистражувачката дејност на кандидатката д-р Снежана Бардарова.

1. **Дагалева Снежана (2011)** ***Нерецензирана скрипта „Царинска тарифа и царинска управна постапка"***

Ракописот е нерецензирана е-скрипта наменета за студентите кои го изучуваат предметот *Царинска тарифа и царинска управна постапка* на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. Се состои од девет глави во кои се разработени основните поими и значењето на царината, царинскиот закон и царинската тарифа за регулирањето на меѓународната трговија. Во практикумот се дадени основните објаснувања за разбирање на проблематиката од царинското работење (пресметување на царински давачки и е разработен начинот на постапување со стока која е внесена во царинското подрачје до одредување на царински дозволено постапување или употреба на стоката како и царинските постапки, пресметувањето на царинските давачки и слично). Основна цел на скриптата е да послужи како учебно помагало.

2. Atanasoski, Drasko and **Bardarova, Snezana** and Filiposki, Oliver **(2014) Практикум за пополнување на единствен царински документ. ISBN 978-608-4708-97-1.**

Царината е практично актуелна тема и проблематика која постојано предизвикува интерес за проучување и приспособување кон современата теорија и стопанската практика. Царинското работење, пополнувањето на царинските документи со посебен осврт на единствената царинска декларација, како и начинот на пресметка на царинските давачки се предмет на интерес на овој практикум. Практикумот за пополнување на единствената царинска декларација е подготвен за потребите на студентите од Факултетот за туризам и бизнис логистика и тој ги содржи сите предвидени содржини кои се опфатени во предметната програма Царинска тарифа и Царинска управна постапка. Ваквиот практикум има за цел да им помогне на студентите да ги изготват вежбите и да се подготват за практичниот дел во поглед на пополнувањето на единствениот царински документ. Практикумот е изготвен со цел да се унапреди наставата во поглед на извршувањето на вежбите по предметот Царинска тарифа и царинска управна постапка. Во него низ пет поглавја се анализирани и практично објаснети сите аспекти во поглед на царинското работење. Од содржински аспект се опфатени тематски целини кои се однесуваат на постапка на царинење на стока - поднесување на царинска декларација, дејства по поднесување на царинската декларација, преглед на стоката и потврдување на декларацијата. Значајно внимание е посветено на царинските документи (поим, видови и начин на пополнување) и нивната улога во царинската постапка. Посебно е значаен петтиот дел кој всушност е практична разработка на пресметките на царинските давачки. Во ова поглавје се дадени теоретски насоки за начинот на пресметка на царинските давачки преку практични примери и задачи. Практикумот ќе им овозможи на студентите од студиската програма Бизнис логистика да ги совладаат основните тематски целини кои се однесуваат на пресметките на царинските давачки и пополнувањето на единствениот царински документ - ЕЦД, со што ќе стекнат и основни сознанија за оваа мошне значајна и исклучителна област. Практикумот претставува едукативен пишан стручен труд, приспособен на потребите за образование и едукација во областа на царината. Затоа овој практикум е особено значаен, како од теоретски, така и од практичен аспект.

***Трудови објавени во научно списание опфатено со SCI/CA:***

3. Koteski, Cane and Josheski, Dushko and Dimitrov, Nikola and Jakovlev, Zlatko and **Bardarova, Snezana**.and Serafimova, Mimoza **(2014).** ***Democracy, demography and economic growth: Empirical investigation of association between those three*****. Wulfenia Journal, 21 (4). pp. 247-257. (ISI Web of Science IF: 0.267)**

Во трудот се истражува прашањето на демократијата, демографијата и економскиот раст, а резултатите недвосмислено ја покажуваат поврзаноста на работната возраст на населението, комбинирана со ефективните јавни политики, со предизвикувањето побрз економски раст. Резултатите покажуваат дека ефектот на демократијата врз економскиот раст е позитивен и статистички значаен кај сите модели претставени во трудот.

4. Koteski, Cane and Josheski, Dushko and Dimitrov, Nikola and Jakovlev, Zlatko and **Bardarova, Snezana**.and Serafimova,Mimoza **(2013).** ***Volatility and growth*****. Wulfenia Journal, 20 (12). pp. 1-12. (ISI Web of Science IF: 0.267).**

Во трудот се анализираат причините за постоење позитивна поврзаност помеѓу нестабилноста и растот на производството и човечкиот капитал, физичкиот капитал и инвестициите кои влијаат на растот на БДП. Прашањето за поврзаноста помеѓу нестабилноста на растот на производството и растот на производството е предмет на истражување меѓу економистите. Некои економисти најдоа негативна асоцијација, додека други најдоа позитивна асоцијација. Овој труд докажува дека постои позитивна поврзаност помеѓу нестабилноста и растот на голем примерок од обединети податоци од различни земји (од сите географски региони). Вклучувањето на други варијабли во моделите, особено квалитетот на институциите, се чини дека не ја намалува нестабилноста. Вклучувањето на макроекономските дисбаланси (Black Market Premium) и трговијата (Real / Current openness), не влијае многу на нестабилноста, но исто така не влијае на растот на БДП ниту, бидејќи овие варијабли немаат статистичко значење. Други променливи од неокласичната функција (човечки капитал, почетен излез, физички капитал (инвестиција) и конвергенција) влијаат врз растот на БДП како што се очекуваше.

5. Josheski, Dushko and **Bardarova, Snezana,(2013),** ***Causal relationship between wages and prices in R. Macedonia: VECM analysis,*** **UKLO Horizonti Vol.12 ISSN 1857- 856X http://eprints.ugd.edu.mk/9971/**

Во трудот се испитува каузалноста на цените и платите во Р. Македонија. Инфлацијата и платите се коинтегрирани односно се поврзани на долг рок. Односот помеѓу инфлацијата и намените е позитивен, додека варијаблата за продуктивност не влегува сигнификантно во оваа равенка.

6. **Bardarova,Snezana** and Jakovlev, Zlatko and Koteski, **Cane (2013)** ***Investment of human capital in tourism and hospitality with a specific reference of R. Macedonia.,*** **Journal of Process Management – New Technologies International, Vol.1 (4). pp. 74-81. ISSN 2334-7449**

Во трудот се испитува учеството на туристичкиот сектор во бруто домашниот производ и факторите кои влијаат врз создавањето на профитот. Предмет на истражување на овој труд се претпријатијата од туристичкиот сектор и начинот на кој тие инвестираат во човечкиот капитал. Фактот дека денес туризмот зазема сè поголем замав во учеството во БДП ги поттикна пртпријатијата од туристичко-угостителскиот сектор да преземат мерки за инвестирање во нивниот бизнис. Оттука, со оглед на бројните истражувања, се докажува дека денес туризмот зазема сè поголемо учество во економијата, а оттука успешното работење и создавањето на профит во туризмот сè повеќе лежи во вработените, за разлика од минатото кога капиталот се создаваше во сферата на парите и материјалните средства. Денес капиталот на секое претпријатије го претставуваат луѓето со нивното знаење, стручност, искуство, креативни идеи и потенцијали. Затоа инвестирањето во стручен и квалификуван кадар е клучот за успешно и профитабилно работење на туристичките и угостителските претпријатија.

7. **Bardarova, Snezana** and Atanasoski, Drasko and Temelkov, Zoran and Filiposki, Oliver and Stojanovska, Aneta **(2014)** ***„Maastricht Treaty in the Shaping and Development of the Common Foreign and Security Policy (CFSP),*** **Journal of US-China Public Administration, Vol.11 (7). pp. 596-604. ISSN 1548-6591**

Во трудот се анализира Европската Унија и се дискутира како да го реализира големиот проект европското обединување. Мотивирани од идејата дека Здружението на европските земји е многу подобра алтернатива, проектот наречен ЕУ во следните децении доведе до појава на нова работа на Европската почвата и ЕУ. Од своите зачетоци ЕУ бележи континуирано унапредување на своите процеси и институции преку воспоставувањето на различните правила и органи. Таа се движи во насока на подобрување на интеграцијата помеѓу земјите членки и воспоставување на ефикасени системи и структури за подобрување на процесот на одлучување, како и зголемување на транспарентноста на процесите. Во таа насока ЕУ развива единствена институција во светот која го опфаќа целиот спектар на можности за цивилни и воени интервенции во случај на кризи. Со тоа, ЕУ се движи во насока на зголемена оперативно надворешна и безбедносна политика. Заедничката надворешна и безбедносна политика достигна значителен степен на диференцијација и зрелост. Притоа, доколку постои општа прифатеност од владите учеснички и ако се задржи моментумот на конкретната политика, земјите членки ќе имаат можност да се насочат кон навремено одговарање на меѓународните предизвици.

8. Atanasoski, Drasko and **Bardarova, Snezana (2013)** ***The New Logistics Trends in Support of Retail,*** **Journal of Tourism and Hospitality Management, 1 (3). pp. 154-159. ISSN 2328-2169**

Во трудот се анализира денешната бизнис средина, бизнис правилата кои се малку повеќе од насоките што се движат низ компанијата. Ако процесот се користел правилно, тие би можеле да бидат инструменти за конкурентна предност, која ќе им овозможи на компаниите да бидат поиновативни, попродуктивни и да реагираат брзо на промените на пазарот и да се направи успешна соработка со вработените, партнерите и клиентите. Важноста на бизнис правила за работа не смеат да бидат запоставени. Денес постојат нови логистички трендови кои се забрзуваат и кои позитивно влијаат на продажбата, но и покрај тоа, очигледно е дека постојат голем број вработени во претпријатието кои сè уште користат застарени, крути и други несоодветни апликации. Тргнувајќи од фактот дека

транспортот и логистиката претставуваат клучни фактори за развојот на трговијата на земјата, а со тоа и да се поттикне економскиот развој и да се поврзе со светските економски трендови, постои потреба да се анализираат новите логистички трендови и да се согледаат нивната улога и значење во процесот на продажба, како услов за развојот на продажбата на макро и микро ниво.

9. Stojanovska-Stefanova, Aneta and Atanasoski, Drasko and Temelkov, Zoran and **Bardarova, Snezana** and Filiposki, Oliver **(2014)** ***The Reforms in the Institutional Structure of the European Union in Compliance With the Lisbon Treaty*, Journal of US-China Public Administration, 11 (8). pp. 642-649. ISSN 1548-6591**

Во трудот се смета дека е потребно приспособување на политичката архитектура во Европа да се случи со Договорот од Лисабон. Договорот е обид да се направи корекција на процесот на донесување одлуки, обезбедувајќи демократски легитимитет, зајакнување на институциите и овозможување на политичкото дејствување во целиот свет. Со Лисабонскиот договор промената е направена во институционалната структура на Европската Унија (ЕУ). Погледот во целина, повеќе од 50 години на интеграција, покажува дека европскиот процес на обединување цело време не е надвор од духот на сите прашања поврзани со детали од заеднички цели и вредности, но оди во насока на една политичка визија: мир и просперитет, слобода и мобилност, познавање на демократијата, популизам и толерантен соживот. Договорот од Лисабон е начинот на кој да се подобрат можностите за дејствување на демократијата во Европа.

10. Jakovlev, Zlatko and Koteski, Cane and **Bardarova, Snezana** and Serafimova, Mimoza and Dzambazoski, Kristijan **(2014)** ***The Sports-Recreational Animation as a Factor for Tourism Development.* Journal of Tourism and Hospitality Management, 2 (1).**

Во трудот приодот е кон туризмот, кој не е спортска гранка, а опфаќа многу спортски активности, авторот ги третира како меѓусебно поврзани феномени чие успешно менаџирање може да доведе до постојано зголемување на профитот во оваа стопанска дејност. Иако туризмот не е спортска гранка вклучува и многу спортски активности (спортска рекреација, спортски манифестации итн.). Може да се каже дека туризмот и спортот се меѓусебно поврзани феномени. Врската меѓу нив постоела уште од почетокот на нивниот развој. Но односот помеѓу нив значително се промени.

11. Jakovlev, Zlatko and Koteski, Cane and **Bardarova, Snezana** and Zezova, Aleksandra and Dzambazoski, Kristijan and Koteski, Goranco **(2014)** ***Animator's Roles in Enriching the Content of Tourist Stay.* Journal of Tourism and Hospitality Management, 2 (3). ISSN 2328-2169**

Во трудот се анализираат аниматорот и неговата улога во збогатувањето на содржината на туристичкиот престој на туристите и неговото влијание врз успешното работење на хотелите. Во ова истражување се користат методи за анализа на научната литература за влијанието на анимацијата врз збогатувањето на туристички престој. Истражувањето произлегува од фактот дека анимацијата е еден од најважните мотивациони фактори за развој на туризмот. За успешна анимација на посетителите аниматорите мора да вршат многу сложени, тешки и динамични задачи. Професионалното извршување на задачите подразбира дека аниматорот треба да биде целосна личност. Тој мора да има добро образование, но мора да биде и специјализиран за одредени активности. Мора да има одредени основни физички и психолошки карактеристики. Многу хотели треба да имаат аниматори за да можат да се забавуваат туристите и да го направат нивниот престој незаборавно одморалиште, кое ќе биде причина за враќање на туристите. Еден од клучните фактори за успех во туризмот е аниматорот. Денес целиот туристички сектор се базира на анимирање на туристите.

12. **Bardarova, Snezana (2013) *Comparison between the European Court of Justice and European Court of Human Rights.* European Public Law: EU eJournal,10(87).https://papers.ssrn.com/sol3/papers.cfm?abstract_id=2281215**

Во овој труд се истражува правната заштита во европските судови. ЕУ во својот денешен облик претставува заедница на државите и на европските граѓани, настаната врз правото и ги има сите белези на политичка заедница на суверени држави и истовремено е и политичка заедница на нивните граѓани, со целиот товар на неотуѓиви слободи и права

засновани врз европски и универзални принципи. Таа е првиот историски обид за замена на државното насилство со постулатите на правната држава и почитувањето на човековите права, како и на основните цивилизациски вредности на демократијата и слободата на поединецот. Нејзина основа се комунитарното право, како и човековите права и слободи. Фактот дека ЕУ се развива како договорна заедница на европските држави, со јасно прецизирани и ограничени компетенции во сферата на правниот систем и правната заштита го објаснува нејзиниот политички систем како исклучително сложена децентрализирана структура.

13. Serafimova, Mimoza and Stojceska Gjorgioska, Mirjana and **Bardarova, Snezana (2013)** ***Имплементирање тимови од деловниот сектор во системското управување на високообразовните институции - клучен фактор за целосен квалитет.*** **Списание на трудови на ДНУ - Прилеп (26-27).**

Во овој труд предмет на истражување се високообразовните институции кои се клучен фактор за целосен квалитет на домашниот и светскиот пазар. Во услови на динамични општествено-економски промени високообразовните институции се соочуваат со барања за профитабилност, квалитет, технологија и одржлив развој. Квалитетот стана неопходен услов за опстанок на пазарот, а квалитетот на јавната свест и учеството на менаџментот, а и на сите вработени, треба и мора да гарантираат опстанок на современите пазари. Континуираното подобрување кое се однесува на образовните институции како организациски системи мора да понуди зголемена економска вредност на клиентите и да доведе до трајни промени врз основа на нови кориснички барања, создавање нови потреби и подобрена вредност. Фокусот е насочен кон оној што директно се соочува со излезното работно подобрување на дипломците и неговата улога во негово дефинирање, затоа што евалвацијата на нивното знаење во работниот процес на добивање производ или услуга е процес кој треба да резултира со трансфер на знаење кој ќе ги подобри индивидуалните вештини и способности и ќе иницира квалитативна промена на ставовите и работното поведение на индивидуата и групата. Управувањето со целосниот квалитет е докажана бизнис филозофија со која образовниот систем би го фокусирала кон постојано градење високо ниво на задоволство и лојалност на интересентите кон институцијата од една, и крајниот потрошувач, општествено-економската заедницата, од друга страна.

14. Koteski, Cane and Josheski, Dushko and Jakovlev, Zlatko and Dimitrov, Nikola and **Bardarova, Snezana (2014)** ***Macedonia Demographic Aging.*** **Journal of Earth Science and Enginering, 4 (7). pp. 445-454. ISSN 2159-581X**

Во овој труд се објаснува процесот на демографско стареење на Република Македонија. Постојат релевантни информации за постепениот процес на стареење. Македонија од независноста, за време на транзицијата од планирана економија премина во пазарна економија, во тој период многу социо-економски параметри се менуваат. Демографијата станува очигледна за плодноста, ниските приходи, невработеноста, корупцијата, како и политичките околности кои доведоа до миграција на македонското население во западните земји најмногу од економски причини. Овие причини во голема мера ги дерогираа шансите за подобра иднина и кариера, што од своја страна придонесуваат за демографско стареење и ниските стапки на фертилитет во Македонија.

15. Koteski, Cane and Josheski, Dushko and Dimitrov, Nikola and Jakovlev, Zlatko and **Bardarova, Snezana** and Koteski, Goranco and Zezova, Aleksandra **(2014)** ***Медијални настапи и прагматичен туризам.*** **Journal of Tourism and Hospitality Management, 2 (2). pp. 60-66. ISSN 2328-2169**

Во трудот се истражува влијанието на аудиовизуелните дигитални техники кои стануваат сè поважни ресурси во секојдневниот живот и интердисциплинарната трансформација на туристичката промоција и анимација која се применува во модерниот туризам. Туризмот нуди услуги кои треба да бидат завршени квалитативно низ сите фази во процесот на планирање, почнувајќи од подготовката за имплементација. Модерната туристичка понуда на услуги го вклучува производството на мултивалоризација на природни, антропогени и комуникативни вредности на одреден објект или туристичко место. Примарна цел е промоција, анимација и развој на маестрално профитабилен, квалитативен, практичен и прагматичен туризам. Овој развој и примената на современите

медиуми и дигитализацијата во сите области на оптшетствениот живот ја вклучуваат и практиката на совршено профитабилен, квалитативен и прагматичен туризам.

16. Koteski, Cane and Josheski, Dushko and Jakovlev, Zlatko and **Bardarova, Snezana** and Serafimova, Mimoza **(2014)** ***The Importance of Hunting and Hunting Areas for Big and Small Game (Food) for the Tourism Development in the Crna River Basin in the Republic of Macedonia.*** **Journal of Earth Science and Enginering. pp. 121-125. ISSN 2159-581X**

Целта на овој труд е да се прикажат областите за лов и риболов и да се прикаже структурата на областите на одредени ловни, риболовни и риболовни водни објекти, видовите на риба, рибници до 20 години прикажани од општините и индивидуалните фарми со езерца во сливот на Црна Река. Во трудот се користени статистички податоци за ловиштата по површини и рибници. Ловот и риболовот во сливот на Црна Река се од големо значење за економијата на Република Македонија, но се и неопходен фактор за развојот и на други економски активности.

17. Koteski, Cane and Josheski, Dushko and Jakovlev, Zlatko and **Bardarova, Snezana** and Kitanov, Vladimir **(2013)** ***Demographic and Infrastructure Problems of Villages in the Hilly-Mountainous Areas of Prilep.*** **Journal of Earth Science and Enginering, 3 (8). pp. 569-581. ISSN 2159-581X**

Во трудот се истражува прашањето на динамиката на руралното население во селата во планинските области на Општина Прилеп и се даваат препораки за поттикнување на инвестирањето на општината и на државата во инфраструктурата со цел да се подобрат лошите услови за живеење. Со изградбата на етнички ресторани и мали хотели, позитивно ќе се влијае врз економскиот развој на општината и ќе се подобри економската состојба на руралното население. На овој начин селата во ридско-планинските области на Прилеп ќе бидат привлечни и за помладите генерации и ќе можат позитивно да влијаат да се инвестира во мали комерцијални објекти од обласа на туризмот.

***Трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции:***

18. **Bardarova, Snezana** and Magdinceva Sopova, Marija **(2013)** ***Мотивација на вработените во малите претпријатија,*** **Втора меѓународна научна конференција „Современите менаџерски предизвици и организациските науки“, БАС Институт за менаџмент, 1-0 ноември 2013, Битола.**

Во овој труд се истражува влијанието на мотивацијата на вработените врз успешноста во работењето на претпријатието. Мотивацијата е онаа движечка сила која ги поттикнува вработените на одредени однесувања. Малите претпријатија се носители на економскиот развој. Нивната моќ произлегува од сопствениците, претприемачите и вработените во нив. Сопствениците, претприемачите на малите претпријатија имаат обврска да се грижат за своите вработени. Затоа мотивирањето на вработените е една од основните работи на претприемачот. Истражувањето поаѓа од фактот дека мотивацијата е една од најважните менаџмент функции и основна движечка сила. Целта на овој труд е да се прикаж местото и улогата на сопственикот на малото претпријатие во поттикнувањеето на мотивацијата во услови на изразена конкурентност и глобализациски процеси, како и активностите кои ги преземаат претприемачите и видовите мотиватори кои ги применуваат во процесот на мотивирање на вработените. Пред се претприемачот има одговорност пред самиот себе си да ја поттикнува мотивацијата кај своите вработени. Успешните претпријатија како најважен фактор во своето функционирање ги имаат предвид човечките ресурси односно вработените. За да може едно мало претпријатие да ги оствари своите стратегиски цели треба да води грижа за своите вработени, да ги разбере нивните потреби, да ги мотивира за да може да изгради состојба во која вработените ќе го почувствуваат претпријатието како свое и како дел од себе. Мотивацијата е онаа сила која секогаш е помалку отколку што е потребно и затоа е потребно постојано да се одржува. Таа е еден од факторите покрај знаењето, средствата и условите што влијае на однесувањето на вработените во претпријатијата и алатка или начин со кој менаџерите ги уредуваат односите во претпријатието. Преку мотивацијата менаџерите го насочуваат трудот во правец на остварување на целта на претпријатието. Таа е покренувачот во менаџерите, но истовремено е и покренувачот во вработените во претпријатието.

19. **Bardarova,Snezana** and Jakovlev,Zlatko and Koteski, Cane (**2013**) ***Стратегиски менаџмент на човечки ресурси во туризмот.* Втора меѓународна научна конференција „Современите менаџерски предизвици и организациските науки“, БАС Институт за менаџмент, 1-3 ноември 2013, Битола.**

Во овој труд се истражува причинско-последичната врска што постои помеѓу стратешкото управување со човечките ресурси и стратегијата на претпријатијата од секоторот туризам. Управувањето со човечките ресурси е битен фактор за создавање, одржување, развој и опстанок на фирмата на пазарот. Бизнисот за да успее и да биде конкурентен на пазарот мора да се грижи за своите вработени и да инвестира во нив. Човечкиот капитал е најскапата инвестиција за секое претпријатие. Доколку се сака да се обезбеди профит, добра репутација, посетеност и ефикасност од работењето на субјектите од секторот туризам, нужно е да се посвети внимание и на управувањето со вработените. Стратегискиот менаџмент на човечките ресурси во туризмот всушност подразбира давање на јасни насоки за дејствување на вработените, грижа за вработените, нивна обука, мотивација со цел да се постигнат стратешките цели на туристичките претпријатија. Човекот како битие е основната алатка со која започнува и завршува сè. Тргнувајќи од оваа констатација со сигурност можеме да кажеме дека управувањето или менаџирањето со човечките ресурси е битно прашање за кое е потребно да се ангажира секое претпријатие од која било област. За разлика од минатото кога капиталот се создаваше во сферата на парите и материјалните средства, денес капиталот на фирмата го претставуваат луѓето со нивното знаење, искуство, креативни идеи и потенцијали. Оттука, човекот со неговите способности и потенцијали за работење во секторот хотели, ресторани, мотели и слично е еден од клучните фактори за посетеноста на истиот. Туризмот како гранка во суштина е зависен од планирањето и менаџирањето на човечките ресурси, бидејќи секоја туристичка услуга ја прави достапна за туристот вработениот кој треба да има соодветни вештини, знаења со цел да остави добар впечаток за туристот, што од друга страна би значело успех на туристичкиот објект. Затоа одделот за човечки ресурси мора да постави стратешки цели при управувањето и планирањето на вработените кои ќе бидат во согласност со стратегијата на туристичкиот објект. Денес грижата за стратегискиот менаџмент на човечкиот капитал е ставена во рацете на највисоките раководни органи и се предмет на интерес во овој труд.

20. **Bardarova, Snezana** and Jakovlev, Zlatko and Serafimova, Mimoza and Koteski, Cane (**2013**) ***The role of amnesty international in protecting of human rights.* International Scientific Conference, Promoting Human Rights: Recent Developments’MIT University, 25–27 Sept 2013, Skopje.**

Во овој труд предмет на истражување е најголемата меѓународна организација за заштита на човековите права ширум целиот свет. Во денешниот свет кој сè повеќе функционира на насилство, тортура и безредие, неизбежно е да постои правна заштита на човекот и на неговите права. Од таа причина, покрај постоењето на Европскиот суд за човекови права, се организираат и формираат бројни меѓународни и национални организации, со единствена цел да се заштитат универзалните човекови права. Една од највлијателните, а воедно и најголема организација за заштита на човековите права на светско ниво претставува *Амнести интернејшенал*. Визијата на оваа организација е да даде поддршка на секоја индивидуа со цел да може да ги ужива сите благодети и права кои ѝ се обезбедени со Универзалната декларација за човекови права. Карактеристично за *Амнести интернејшенал* е што работи со и за луѓето преку нивно организирање да водат кампањи за заштита и промоција на човековите права. Таа преку нејзините кампањи всушност испраќа пораки до сите влади и државни органи да го почитуваат владеењето на правото и на тој начин влијае врз меѓународните односи. Таа претставува светско кампањско движење кое работи на промоција на сите човекови права, кои грижливо се чуваат во Универзалната декларација за човековите права и други меѓународни стандарди. Оваа организација е движење на луѓе кои се борат за заштита на човековите права и за нивно меѓународно признавање.

21. **Bardarova, Snezana** and Angelkova, Tanja and Jakovlev, Zlatko **(2011)** ***Strategic decisions in tne management of human resources.* VII International conference on strategic management, Univerzitet u Beogradu, Tehnički fakultet u Boru, 26-28.05.2011, Zajecar, Srbija.**

Во овој труд се анализираат начинот на работење и способностите на менаџерот во донесувањето на деловните одлуки кои се клучен фактор за успешното работење на претпријатијата. Во современиот свет на силна конкуренција помеѓу бизнисите на пазарот, за да може фирмата да опстане нужно е да се посвети внимание на способноста на менаџерот да знае да донесува клучни одлуки, брзо и решително. Секоја одлука која се донесува од менаџерот е стратешка, од причина што истата треба да ги максимизира постоечките ресурси на фирмата, но притоа да обезбеди дејствување на начин што би имал најнизок степен на ризик, а притоа да донесе максимален профит за организацијата. Денес како резултат на брзите текови дојде до промени во пристапот на работењето на фирмите. За разлика од минатото кога капиталот се создаваше во сферата на парите и материјалните средства, денес капиталот на фирмата го претставуваат луѓето со нивното знаење, искуство, креативни идеи и потенцијали. Оттука, менаџментот (управувањето) на човечките ресурси е битен фактор за создавање, одржување на долгорочна конкурентска способност, развој и опстанок на фирмата на пазарот. Начинот на кој се управува со човечките потенцијали е многу битен за создавање и одржувањето на долгорочната конкурентска способност, развој и опстанок на претпријатието. Стратегиските одлуки во претпријатието се значајни во поглед на ангажирање на значајни физички, материјални, организациски и човечки ресурси. Со воспоставувањето на стратегискиот менаџмент во претпријатието, менаџерите треба да се оспособат да донесуваат одлуки со кои претпријатието максимално ќе ги искористи интерните предности и екстерни можности што се јавуваат во опкружувањето, а ќе ги минимизира интерните слабости и екстерните ограничувања. Денес како резултат на силната конкуренција помеѓу бизнисите, менаџерот мора да поседува одредени способности меѓу кои е способноста да носи стратешки одлуки во врска со менаџирањето на човечките ресурси кои ќе бидат применливи и корисни за опстанокот на фирмата на пазарот. Носењето на стратешки одлуки од страна на извршниот менаџмент може да има долгорочни импликации врз работењето на фирмата.

22. Serafimova, Mimoza and **Bardarova, Snezana (2014)** ***The need of recognition and validation of the organizational entrepreneurship act of the employees in the organizations.* First International Scientific Conference – Center for legal and political research, 2014, Stip, Republic of Macedonia.**

Целта на овој труд е да се идентификуваат главните сегменти на проблемите во институциите, поврзани со постоењето и препознавањето на искуствено стекнатите компетенции на работното место во контекст на квалитативни работни промени, како категории поврзани со индивидуален кариерен развој, согледан низ призмата на подобрена стручност, зголемена ефективност на планирање и реализирање на работните задачи, подобрена ефекасност на работното време и тимското работење, од една страна и ставови, мислења и предлози за потреба од формално препознавање и валидирање на искуствените компетенции на вработените, од друга страна. Нашето внимание беше насочено кон истражување на аспектите за препознавање на искуствените компетенции на вработените и на ставовите и мислењата на вработените за потребата и текот на процесот. Организациското претприемништво (интрапретприемништво, организациско претприемништво) претставува практикување на претприемничко однесување во рамки на постојна организација, потфат или проект. Предмет на интерес на овој труд е претприемничката филозофија на делување и однесување на вработените во рамките на постојната организација, препознаено низ претприемничко размислување и делување на вработените кои не се на менаџерски позиции.

23. Jakovlev, Zlatko and Koteski, Cane and **Bardarova, Snezana** and Angelkova, Tanja and Kitanov, Vladimir **(2013)** ***Financing effects and animation in tourism.* XII International Scientific Conference for Service Sector, Faculty of Tourism and Hospitality, 3–5 Oct 2013, Ohrid, Macedonia.**

Во овој труд се анализираат ефектите на анимацијата воопшто и нејзиното влијание врз финансиското работење на туристичките претпријатија. Ефектите од анимацијата на страната на побарувачката се рефлектираат во зголемувањето на контактите, интензивирањето на комуникациите на туристичките движења, зголемувањето на расположениeто и многу повеќе. Ефектите од понудата на анимацијата во туризмот се повеќекратни. Индиректните ефекти се покажуваат во зголемувањето на посетата, стекнувањето репутација и така натаму. Додека директните економски ефекти се рефлектираат и во зголемената надворешна потрошувачка. Така, ефектите од анимацијата во туризмот може да се класифицираат во три групи: директни (економски) ефекти, индиректни ефекти (ефекти на очекуваното задоволство) и социјални ефекти (репутација на дестинацијата). Главната цел на секоја активност е постигнување на позитивен финансиски резултат.

24. Jakovlev, Zlatko and Koteski, Cane and Dimitrov, Nikola and Angelkova, Tanja and **Bardarova, Snezana** and Boskov, Tatjana **(2011)** ***Management of Animation in Tourism.*** **First international Conference, Management of Tourism and Entertainment - MTE, 02-03- April 2011, Sofia - Bugaria.**

Во овој труд фокусот е ставен на менаџирањето на анимацијата во туризмот. Менаџментот обично се дефинира како економски феномен во полето на организацијата, управувањето и работењето. Во сите деловни и организациски активности менаџментот се дефинира како акт на луѓето да се здружат за да се постигнат одредени цели и задачи со користење на расположливи материјални ресурси. Во анимацијата на туризмот, дефиницијата за менаџментот, исто така, ги опфаќа и знаењата од областа на психологијата, социологијата, културата и особено економијата. Знаењето се користи за поврзување на посетителите со аниматорот кој всушност го претставува хотелот, туристичкото место и целата земја. Ова е предуслов за задоволување на потребите на посетителите и за остварување на профит. Од напревената анализа се заклучува дека менаџментот на анимацијата во туризмот е доста комплексен процес. Тоа произлегува од фактот дека туризмот е комплексен, а со тоа и менаџирањето на анимацијата во туризмот. Имено, од луѓето кои се занимаваат со оваа проблематика се бара покрај голема стручност, така и психофизички квалитети и вештини за да менаџирањето со анимацијата биде ефективно и ефикасно. Во трудот се зборува за планирање на анимацијата во туризмот, потоа за нејзино организирање и на крај за управување на анимацијата во туризмот. И на крајот од овој труд се истакнува дека секој менаџер може да биде и аниматор, но секој аниматор не може да биде добар менаџер.

25. Jakovlev, Zlatko and Koteski, Cane and **Bardarova, Snezana (2013)** ***Sport tourism as an important alternative form of tourism.*** **Global economic crisis and business economics-challenges of theory and practice, 29-30 May 2013, Sremska Kamenica, Srbija.**

Во овој труд се анализира поврзаноста на спортот и на туризмот и дејството на спортските туристички активности врз развојот на туризмот. Спортот и туристичките активности дејствуваат заедно, денес спортскиот туризам несомнено е една од најважните индустрии што се карактеризира со постојано зголемување на профитот и профитот без речиси никакви шокови и реперкусии од глобалната економска криза. Иако туризмот не е спортска гранка, истиот опфаќа многу спортски активности (спортска рекреација, спортски манифестации и слично). Може да се констатира дека туризмот и спортот се меѓусебно поврзани феномени. Врската помеѓу нив датира уште од првите почетоци на нивниот развој. Но, односот меѓу нив во современи услови значајно се променил. Денес како резултат на глобализацијата доаѓа до нивно поврзување и развивање на спортскиот туризам. Оваа алтернативна форма на туризам е значаен двигател на туризмот воопшто, за што сведочат податоците од Светската туристичка организација која најмногу средства одвојува за оваа алтернативна форма на туризам. Туристите сè повеќе се одлучуваат да патуваат со цел да се прошетаат и да спортуваат. Затоа е сè поизразено патувањето надвор од границите на државата со цел да се погледне некој спортски натпревар, да се оди на скијање, на крстарење и слично, што од една страна го активира туристот, но друга страна го релаксира и анимира. Во западните земји развојот на спортскиот туризам е на високо ниво, што не е случај и со балканските земји. Имајќи ги предвид искуствата од развиените

земји, особен акцент треба да се стави на развојот на спортскиот туризам. Оваа форма на туризам е алка за зачнување на развојот на една сосема нова индустрија која е во подем и кон која се стреми современиот свет и светската економија.

26. Jakovlev, Zlatko and Koteski, Cane and **Bardarova, Snezana (2013)** ***Animator roles in enriching the content of tourist stay.*** **Collection of works of The Third International Scientific Congress - Biennale ICON BEST 2013.**

Во трудот се анализира улогата на аниматорот во збогатувањето на содржината на туристичкиот престој. Аниматорот е туристички работник кој со своите општи карактеристики мора да ги задоволува сите барани критериуми и улоги. Неговата активност започнува со првиот контакт со посетителите, трае во текот на целиот туристички престој па сè до нивното заминување, што вклучува и испраќање и ветување дека и во следните средби ќе настојува да ги исполни сите нивни интереси, склоности и желби. Заради тоа од него се бара да поседува посебни карактерни особини, но и физичка издржливост. Значи, аниматорот треба да исполнува одредени улоги кои ќе придонесат тој да биде комплетна личност и се во функција на збогатување на содржината на туристичкиот престој. За успешно анимирање на посетителите, аниматорот мора да извршува мошне комплексни, напорни и динамични задачи. Професионалното извршување на задачите ја наметнува потребата аниматорот да биде комплетна личност. Тоа значи дека тој треба да поседува солидно општо образование, но истовремено да биде специјализиран за одредени активности.

27. Koteski, Cane and Jakovlev, Zlatko and Mitreva, Elizabeta and Angelkova, Tanja and **Bardarova, Snezana** and Kitanov, Vladimir **(2013)*****Заштита и презентација на културното наследство на Општина Прилеп за туристички цели*****. 1st International Conference on Cultural Heritage, Media and Tourism, 18-19 Jan 2013, Ohrid, Macedonia.**

Во трудот Општина Прилеп е прикажана преку археологијата, историските периоди, историјата на уметноста, архитектурата и етнологијата. Благодарение на огромното културно богатство кое го има Општина Прилеп денес се многубројни на туристичката карта на градот Прилеп, туристички каталози, разгледници, сајтот на Википедија, Музејот на тутун, Музејот на икони и Заводот и Музеј Прилеп. Заштитата и презентацијата на културното наследство е одговорност на сите генерации со истото да се открие, заштити и да се презентира за туристички цели, како на домашни така и на странски туристи.

28. Koteski, Cane and Jakovlev, Zlatko and Dimitrov, Nikola and **Bardarova, Snezana** and Koteski, Goranco **(2014)** ***Construction and meaning micro reservoirs for agricultural development in the municipalities of Prilep, Dolneni and Krivogastani in Macedonia*****. Third international conference geographical sciences and education, 12 Sept 2014, Shumen, Bulgaria.**

Во трудот се обработени животната средина и климатските елементи како фактор за изградба на микрорезервоари, избор на локации каде што можат да се изградат, краток опис на сите изградени вештачки микроакомулации од страна на општините, употреба на микрорезервоарите, производството на електрична енергија за развој на рибарството, рекреативната популација, заштита од ерозија, поплава, како и заштита на животната средина.

29. Koteski, Cane and Jakovlev, Zlatko and **Bardarova, Snezana (2013*****) Natural and anthropogenic tourist value of the city Ohrid.*** **Second International Conference Geographical Sciences and Education, 01-02 Nov 2013, Shumen, Bugarija.**

Во трудот се анализира и истражува природната и антропогената туристичка вредност на градот Охрид како важен туристички центар. Туризмот како социо-економски феномен се впушта во сите сфери на општествено-економскиот, политичкиот и културен живот. Овој феномен е хетероген, кој е апстрактен а во исто време и специфичен. Нема индустрија а вклучува неколку економски сектори(угостителство, транспорт, трговија, занаетчиство итн.). Вклучува медицински активности (здравствен туризам), а опфаќа и многу области на културни и спортски активности. Постои политички феномен, бидејќи туризмот зависи и од политичката клима на земјата. Истовремено се смета за природен феномен. Од оваа изречна хетерогеност произлегува дека туризмот е интердисциплинарен

феномен на територијата и практиката кој треба да се набљудува, проучува и насочува.

30. Koteski, Cane and Jakovlev, Zlatko and Angelkova, Tanja and **Bardarova, Snezana** and Kitanov, Vladimir **(2013)** ***Grading and structure of the roads and their impact on the arrival of foreign tourists in Macedonia*****. Cultural corridor via diagonalis, cultural tourism without boundaries, Sofia-Belgrade, 03-06 Oct 2013, Sofija, Bulgaria; Belgrade, Serbia.**

Предмет на истражување на трудот се патиштата, нивната категоризација во Република Македонија и нивното влијание врз развојот на туризмот и улогата на патната инфраструктура при доаѓањето на странските туристи. Во трудот е направена анализа и се дадени статистички податоци за патиштата и нивната категоризација, преглед на локалните патишта во Македонија и направен е и статистички преглед за бројот на странски туристи по земја кои пристигнале во нашата земја со цел да се утврди како патната инфраструктура влијае врз доаѓањето на странските туристи во нашата земја.

31. Koteski, Cane and Jakovlev, Zlatko and Angelkova, Tanja and **Bardarova, Snezana** and Kitanov, Vladimir **(2013*****) Fruit - growing and viticulture at the confluence of the Crna River (Black River) in Macedonia*****. Cultural corridor via diagonalis, cultural tourism without boundaries, Sofia-Belgrade, 03-06 Oct 2013, Sofija, Bulgaria; Belgrade, Serbia.**

Целта на трудот е да се даде мислење за природните и педолошките услови кои постојат, како и регионите каде се одгледуваат во сливот на Црна Река во Македонија како главен услов за развојот на овоштарството и лозарството. На крај се констатира дека во сливот на Црна Река постојат добри услови за развој на овоштарството и лозарството, во последните 40 години поради сѐ поголемата побарувачка на пазарот, површините на овошје се зголемуваат, цената на овошјето на пазарот е добра, државата дава субвенции за подигнување на нови овошни насади, цената на грозјето бележи пад, површините под лозови насади значително се намалени, опаѓа интересот за засадување на нови лозови насади поради ниската цена на грозјето на пазарот.

***Трудови објавени во научно-стручни публикации***

32. Angelkova, Tanja and Jakovlev, Zlatko and Stojanova, Marina and **Bardarova, Snezana (2011)** ***Multifunkcionalna poljoprivreda - osnova za razvoj ruralnog turizma. XVI Savetovanje o biotehnologiji sa međunarodnim učešćem, Čačak, Srbija, 16. pp. 663-667. ISSN 978-86-87611-15-3.***

Предмет на анализа во трудот е земјоделството како најстара гранка на економијата, која се осамостои и се анализира нејзиното влијание врз развојот на руралниот туризам. Развојот на земјоделството отсекогаш било мерка на развојот на заедницата. Како основен производител на храна, што ја формира основата или редовно ја формира компонентата на туристичката понуда, развојот на земјоделството и производството на храна можат позитивно да влијаат на развојот на туризмот. Земјоделството отсекогаш било клучна компонента во економскиот сектор.

33. Saneva,Dusica and **Bardarova,Snezana** and Antonievski,Goran **(2012)** ***Гастрономската понуда како фактор за развој на туризмот во Дојран*****. Scientific-Technical Forum theme: Tourism in Dojran Region„ 20 Apr 2012, Dojran, R.Macedonia. (Unpublished)**

Во трудот се анализира и открива гастрономската понуда, како фактор за развој на туризмот во Дојран. Специфичните начини на подготовка на храната иако не се основниот предуслов за развојот на туризмот во Дојран, сепак се од битно значење и претставуваат еден од условите за привлекување на туристи во Дојран. Гастрономскиот туризам во Општина Дојран е втор по значење услов за развој на туризмот, по лековитоста на езерските алги. Врз основа на гастрономската понуда на Дојран која се состои од автентични и традиционални подготовки на храна може да се влијае врз порастот на посетеноста, бидејќи туристот секогаш се враќа онаму каде што имал добар оброк. Затоа Општина Дојран заедно со туристичките објекти (хотели и ресторани) мора да понудат добра гастрономска понуда со која ќе се привлечат туристите, ќе се промовира Дојран, а со тоа ќе се зголеми и профитот на туристичките објекти.

***Магистерски труд***

Магистерскиот труд на тема ***„Влијанието на меѓународните организации врз меѓународното право”*** од кандидатката д-р Снежана Бардарова ги истражува меѓународните организации кои поради моќта што ја манифестираат на меѓународната сцена, а како резултат на современите општествени процеси, се развиваат како битни и влијателни меѓународни субјекти и ја анализира улогата на меѓународните организации врз меѓународното право. Меѓународните организации вршат нормативна активност и политичко влијание врз државите на меѓународната сцена. Преку нив се донесуваат бројни конвенции, меѓународни договори, документи кои прераснуваат во норми и се создава еден систем на меѓународни начела чијашто улога во современиот свет е од големо значење, а тоа е меѓународното право. Меѓународните организации се инвестирани од државите и со доверба им е дадена моќ на управување, како и граници на моќта, кои се во заеднички интерес на државите. За одредување на нивната моќ од суштинско значење е склучувањето на меѓународните договори, кои се столбот на меѓународните организации, а водно се и извори на меѓународното право. Меѓународното право е продукт на дејствувањето на меѓународните организации и тие се заемно испреплетени. Преку меѓународно-правните норми се воспоставуваат правно обврзувачки меѓународни стандарди за однесување на субјектите на меѓународното право. Зголемениот број на меѓународните организации многу придонесува за составот на меѓународното право. Нивниот ефект се забележува на многу различни полиња. Тие се неопходни механизми за одвивањето на меѓународниот живот во сите негови аспекти и на регионално и на светско ниво. Современиот свет сè повеќе функционира преку меѓународните организации кои треба да одговорат на интеграцијата на законските промени и општествени случувања. Имаат значајна улога врз меѓународните односи и врз целокупното меѓународно право. Во современиот свет, со своето дејствување ги обединуваат сите и ги насочуваат меѓународните односи на светски план. Меѓународните организации докажаа дека со нив светот има инструменти за разрешување на најсложените општосветски проблеми. Современото меѓународно право не може да се разбере без референцата за порастот и влијанието на меѓународните организации. Нивниот ефект се забележува на многу различни полиња. Денес доменот на меѓународното право е огромен. Со својот магистерски труд кандидатката потврдува дека меѓународните организации преку нивните документи на регионален и на светски план претставуваат основа за функционирањето на меѓународното право, но воедно таа тврди дека сепак, постои проблемот на правнообврзувачката димензија на меѓународното право во врска со реализацијата на неговите меѓународни норми, како и прашањето на моќта на меѓународните организации. Кандидатката посочува дека на овие проблеми треба заеднички да поработат и посериозно да се посветат и меѓународните организации, но и оние механизми преку кои меѓународните правни норми треба да се аплицираат во светската практика.

***Докторска дисертација***

Докторската дисертација на тема ***„Можности за унапредување на економичноста во работењето на претпријатијата во Република Македонија, со посебен осврт на претпријатијата од секторот хотели и ресторани”*** од кандидатката д-р Снежана Бардарова обработува интересна и мошне актуелна проблематика од областа на економиката на претпријатија, каде што во фокусот на вниманието е анализата на економичноста на работењето во претпријатијата од македонското стопанство, со посебен осврт на секторот хотели и ресторани. Предмет на научна елаборација во трудот е комплексната проблематика поврзана со економичноста на претпријатијата, при што се опфатени сите релевантни аспекти. Кандидатката овозможува реално и сеопфатно согледување на слабостите, предностите и предизвиците на македонските претпријатија во контекст на унапредување на нивната трошковна ефикасност, при што акцентотот е ставен на претпријатијата од туристичкиот сектор со сите нивни специфики. Кандидатката дава солидна теоретска рамка и има спроведено емпириско истражување кое дава одговор на најзначајните прашањата од доменот на економичноста на работењето на претпријатијата. Научното истражување во докторската дисертација тргнува од фактот дека успешното

функционирање и развојот на претпријатието се поврзани со рационалното организирање и искористување на сите елементи на производството во претпријатието. Максималната економија на елементите на производство се манифестира преку настојувањето за нивно минимално трошење при едновремено остварување на поголеми резултати, односно учиноци. Трошоците имаат значајна улога во определувањето на економичноста на работењето на претпријатието. Оттука, најефикасната трошочна комбинација или оптималната комбинација на инпутите овозможува таков квалитет на работењето што има позитивно влијание врз економичноста на работењето. Меѓутоа, оптималните величини тешко се достигнуваат во реалното работење, па затоа секоја заштеда што не влијае врз квалитетот на резултатите е позитивна за успешноста на работењето на претпријатијата. Посебно внимание во трудот е посветено на идентификувањето на активностите во рамките на претпријатијата, насочени кон интензивирање на резултатите од работењето кои треба да бидат балансирани меѓу објективните можности и добрите принципи на работењето. Кандидатката со својата докторската дисертација посочува на мерките и активностите кои треба да бидат преземени во контекст на подобрување на економските перформанси на претпријатијата, особено во поглед на унапредување на нивната трошковна ефикасност.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатката д-р Снежана Бардарова се има стекнато со сертификати од учество на следниве меѓународни и домашни конференции и конгреси:

1. Third International Scientific Congress - Biennale ICON BEST 2013-Skopje;
2. First International Scientific Conference – Center for legal and political research, 2014, Stip, Republic of Macedonia;
3. Cultural corridor via diagonalis, cultural tourism without boundaries, Sofia-Belgrade, 03-06 Oct 2013, Sofija, Bulgaria; Belgrade, Serbia;
4. XII International Scientific Conference for Service Sector, Faculty of Tourism and Hospitality, 3–5 Oct 2013, Ohrid, Macedonia;
5. 1st International Conference on Cultural Heritage, Media and Tourism, 18-19 Jan 2013, Ohrid, Macedonia.

Кандидатката д-р Снежана Бардарова поседува:

- Сертификат за раководител на туристичка агенција, Факултетот за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип;
- Сертификат за успешно завршена специјализирана обука за полагање на правосуден испит, Асоцијација за правноекономски истражувања и едукација „ЈУРИДИКА” - Скопје.
- Cambridge English Certificate (B1).

Во периодот од 2011 година кога д-р Снежана Бардарова е избрана во соработничко звање помлад асистент била член и во органите на Факултетот за туризам и бизнис логистика во Гевгелија:

- Член на Уписната комисија за прием на документи и уписи на студенти на ФТБЛ во Гевгелија за учебните 2010/2011, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014 и 2014/2015 година.
- Член на Пописна комисија за Наставен центар Гевгелија во учебната 2013/2014 и член на Пописната комисија на Ликовна академија и Филмска академија во учебната 2015/2016 година.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и врз основа на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека единствениот пријавен кандидат д-р Снежана Бардарова ги исполнува сите законски услови за избор во насловно звање -насловен доцент. Кандидатката покажува перманентен интерес и желба за научно напредување. Се истакнала со плодна педагошка активност како помлад асистент на Факултетот за туризам и бизнис логистика каде што покажува темелна посветеност и залагање во извршувањето на работните и професионалните обврски. Научноистражувачката работа ја потврдува преку авторство и коавторство на бројни научни трудови публикувани во меѓународни списанија и зборници од домашни и меѓународни научно-стручни конференции. Од трудовите се потврдува нејзината ориентација за системски пристап кон непосредната и поширокота област. Кандидатката има учество на меѓународни конференции и членство во органите на Факултетот за туризам и бизнис логистика, поседува одлични стручни и организациски способности, како и способност за изведување на наставно-образовната дејност.

Од направениот увид во документацијата можеме да посочиме дека кандидатката д-р Снежана Бардарова го има надминато минимумот од 75 поени кои се однесуваат за избор во доцент и ги исполнува сите законски услови за избор во насловно звање-насловен доцент за наставно-научната област *економика на претпријатијата и економика на јавни служби*. Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа кандидатката д-р Снежана Бардарова има извонреден придонес во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната и организациско-развојната дејност. Рецензентската комисија има посебна чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика **кандидатката д-р Снежана Бардарова да биде избрана во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област економика на претпријатијата и економика на јавни служби на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Митре Аврамоски, редовен професор - претседател, с.р.**
**Факултет за туризам и угостителство - Охрид**
**Универзитет „Св. Климент Охридски” - Битола**
**Проф. д-р Марија Таковска, редовен професор - член, с.р.**
**Економски институт - Скопје**
**Универзитет „Св.Кирил и Методиј” - Скопје**
**Проф. д-р Нако Ташков, вонреден професор - член, с.р.**
**Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија**
**Универзитет „Гоце Делчев” - Штип**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Избор во звање помлад асистент | | | | | 10 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **10** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1. | Монографија или научна книга<br>реф. 2 | 1 | 10 | | | 10 |
| 2. | Дел од монографија или научна книга<br>Реф.1 | 1 | 6 | | | 6 |
| 2. | Труд со оргинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати)<br>Реф.13<br>Реф.3,4<br>Реф.5,6,7,8,9,10,14,16,17<br>Реф.11,15<br>Реф.12 | 1 | 3 | 2*0.7<br>9*1<br>2*0.7<br>1*1.3 | 9<br>6<br>6<br>6 | 85.8 |
| 3. | Труд со оргинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>реф.18,19,20,21,22,23,25,26,28,29,20,31<br>реф.24,27 | | | 12*1<br>2*0.7 | 2<br>2 | 26.8 |
| 4. | Учество на научен собир со реферат во земјата и во странство | | | 5 | 2 | 10 |
| 5. | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | 8 |
| 6. | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **150.6** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1. | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир<br>Реф.32,33 | 1 | 2 | 1 | 3 | **5** |
| 2. | Техничко унапредување | 2 | 2 | 1 | 3 | **7** |
| 3. | Член на факултетски орган/комисија | 7 | 2 | | | **14** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **26** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **186.6** |